Врз основа на член 11 и 17-в од Законот за платата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на СРМ“ бр. 36/90 и „Службен весник на РМ“ бр. 38/91, 23/91, 37/05, 84/05, 121/07, 161/08, 92/09, 42/10, 97/10, 162/10, 11/12, 145/12, 170/13, 139/14, 233/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 51/24и 272/24), Градоначалникот на Општина Богданци, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за определување на плата на Градоначалникот**
**на Општина Богданци**

1. На **Блаже Шапов** од Богданци, избран за Градоначалник на Општина Богданци му се пресметува плата согласно закон и тоа:

-Основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика по коефициент од 2,08.

-Работното искуство се вреднува во износ од 0,5% за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.

**2.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува за исплата на плата за месец февруари 2025 година.

***О б р а з л о ж е н и е***

Според член 11 од Законот за платата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, основица за пресметување на платата е просечната исплатена месечна плата по вработен во Републиката за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

Согласно со Законот за изменување на Законот за платата и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката („Службен весник на РСМ“ бр. 272/24) се менува членот 17-в и коефициентот за утврдување на платата на Градоначалникот на општините до 10.000 жители, како што е Општина Богданци, изнесува 2,08.

Работното искуство се вреднува во износ од 0,5% за секоја започната година работен стаж, а најмногу до 20%.

Врз основа на горе изнесеното се донесе решение како во диспозитивот.

**Бр.** 09-249/1
30.01**.2025 год.**
**Богданци**

**Градоначалник**
**на Општина Богданци,**
**Блаже Шапов**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БОГДАНЦИ